# ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш - Кавадарци




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ

**КАВАДАРЦИ 2021 ГОДИНА**



**ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци,** како Локална културна институција ја има една од главните цели и задачи што се основни за секој музеј и тоа : истражување, собирање, стручна и научна обработка на музејскиот фонд, негова заштита, презентација и објавување. Својата дејност музејот ја врши и преку организирање, односно презентирање на музејските предмети и материјал во изложби со постојан и времен карактер.

**ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш- Кавадарци** е нов правен субјект во Општината, кој одпочна со работа на 7 ми Септември 2020 год по повод денот на ослободувањето на Кавадарци. Оваа Локална Културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на Винарството и Лозарството има за цел да ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно-историското наследство во Тиквешкиот Регион.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш-Кавадарци е институционален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството во цел регион на Винските Патишта и има за обврска да врши и развива музејската дејност во делот на заштитата на културното наследство.

- Во 2019 Советот на Општина Кавадарци го усвои Елаборатот за основање на Локална установа Локален Вински Музеј , врз основа на која Советот на Општина Кавадарци на 41 Седница одржана на ден 27.05.2020 донесе Одлука за основање на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци со арх бр 08-2812/3.
- Градоначалникот на Општина Кавадарци на ден 02.06.2020 донесе Решение за именување на вршител на должност Директор до конституирање и почеток со работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци со арх бр 10-3101/1 од 03.06.2020.
- На конститутивната седница одржана на ден 15.06.2020 год беше донесен Статутот на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци со арх бр 02-9/2 од страна на УО на Институцијата за која е добиена Одлука за давање на Согласност од страна на Совтот на Општина Кавадарци со арх бр 08-3155/17.
- На 26.06.2020 година ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци е регистриран како посебен Правен субјект во Централен Регистар на Република Северна Македонија како

культурна установа со приоритетна дејност 91.02 Дејност на Музеите со своја жиро сметка во Деловна Банка.

- Советот на Општина Кавадарци на ден 29.07.2020 година донесе Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци со арх бр 08-3949/10 со единствена Програмска Активност „ Ентериерно уредување на Винска Поставка во Музејот – проект финансиран од страна на Министерството за Култура и Градоначалник и совет на Општина Кавадарци.

Овој проект имаше за цел неколку активности поврзани со Ентериерното уредување на Вински Музеј, во делот на одкупот на музејски предмети поврзани со преработка на вино и ракија , како и осовременување на музејската поставка со фотографии банери витрини, постаменти зидна текстура на површини, набавка на полици и други експонати за оваа намена. Со овој проект беше решено и осветлувањето, видео надзорот.

Винскиот Музеј официјално беше пуштен во употреба од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци на 07.09.2020 год по повод денот на ослободувањето на Кавадарци.

ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци има едно вработено лице Директор на институцијата и две лица ангажирани со Договор на дело .

Правилникот за Систематизација на работните места , Правилникот за Внатрешна Организација и Финкционалната Анализа се во процедура за добивање на Согласност од страна на МИОА,

- Во соработка на Upcycling 4 youth – НВО Еко-Живот – Кавадарци на ден 30.09.2020 реализира настан „ Примена на аплицирање за потикнување на вработување на младите„ финансиран од страна на Обединетото Кралство.

**Во месец Октомври** ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци реализира неколку активности и тоа :

- Во музејот се организира фото-сесија од страна на Македонски Медиа Сервис - Скопје чии фотографии беа наменети за каталог за промоција на Општина Кавадарци.
- Се реализира работилница "Мозаик инсталација како културна традиција и современо живеење" во организиција на Здружението Dobredojde Macedonia Welcome Center во соработка со Општина Кавадарци а подржан од Швајцарска Амбасада. Настанот се одржуваше во дворот на Винскиот Музеј од 19ти до 21ви Октомври а во него учествуваа уметници од општината и заинтересирани ученици и студенти кои го изработија мозаикот кој се наоѓа во дворниот простор на Музејот.
- Музејот во месец Октомври го посетија околу 160 посетители на кои им се презентира музејската поставка преку претставување на многубројните предмети поврзани со лозарството и винарството од крајот на XIX до почеток на XX век.
- Се започна со подготовка на фото документација за влезна инвентарна книга
- На нашата официјална Фејсбук страна редовно се објавуваа настаните кои се случуваа во музејот а воедно и беше отворена нова официјална Инстаграм страна на Вински Музеј - Кавадарци.

Поради светската пандемија на корона вирус и кризата која произлезе од Ковид 19 во ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци, продолжи активностите да ги одвива согласно уредбата со законска сила на Владата на нашата држава, протоколите за работа и пропишаните мерки за заштита и превенција:

- Носење на лична заштита на лицето - маски, за сите вработени, визери - за ризични групи,
- Мерење температура
- Дезинфекција на рацете,
- Одржување на растојание 1,5 -2 м. и ограничен број на учесници и посетители.



**Во месец Ноември** ЈОУ Локален Вински музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци ги реализираше следниите Активности:

- Во месец Ноември сепродолжи со изработката на Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци
- Се изработија информативни флаери кои беа поделени по речиси сите угостителски објекти во Кавадарци со кои што се промовира музејот како ново отворена установа.
- Се одржаа две седници со Управен Одбор на кои беа донесени одлуки за за усвојување на Програмата за работа на институцијата и се усвои Финансискиот план за 2021 година.
- Се поднесоа седум пријави за конкурс на Министерство за Култура за проекти од Национален интерес во културата за 2021 година.
- Се започна со работа и за Викенд и Музејот во месец Ноември го посетија околу 300 посетители ,кои беа запознаени преку музејската поставка за многубројните предмети поврзани со лозарството и винарството од крајот на XIX до почеток на XX век. Меѓу посетителите имаше и групна организирана посета на ученици од средното училиште “Ѓорче Петров” - Кавадарци и Делегација од Средно Шумарско училиште од Краљево- Србија како и многу случајни посетители од различни градови во државата.
- Се изработија План на архивски знаци,Листа на архивски материјал и Листа на документиран материјал со рокови за негово чување за 2021 на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци.
- Се започна со подготовка на двојазични легенди за секој предмет поединечно во Музејската поставка.
- На официјалната Фејсбук и Инстаграм страна редовно се објавуваа настаните кои се случуваа во музејот на Вински Музеј - Кавадарци.
- Се реализира проектот „ Мозаик инсталација како културна традиција и современо живеење „ поджано од Здружението Dobredojde Welcome Centar, во соработка со Општина Кавадарци, а

подржан од Швајцарска Амбасада .Настанот се  одржа во дворот на Вински Музеј од 19-21.2020 и во него учествуваа уметници од општината и заинтересирани ученици и студенти кои го изработија мозаикот.

- Музејот одпочна активности во соработка со Здружение „ Тиквешки Семејни Винарии„ за реализација на настанот „ Тиквешки Вински Салон„ – проект подржан од министерството за земјоделство шумарство и водостопансство.




Винскиот музеј е сместен во срцето на градскиот парк во Кавадарци.
Тој претставува специјализиран регионален вински музеј и е прв од ваков тип во Македонија.
На 100м2 изложбен простор претставен е музејски дел и комерцијален дел каде што
се наоѓаат голем број на предмети кои датираат од антиката до крајот на XIX почеток на XX век ,
и вина од сите винарии во Тиквешијата ,произведени во големи ,средни и семејни винарии.
Локација: Градски парк - Кавадарци
Работно време: Пон- Петок 09:00 - 15:00 часот, Викенд од 10:00 - 15:00
Тел.број:075 288-427
Маил:vinskimuzej.tikvesh@gmail.com



**Во Месец Декември,** ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци

- Се одржа Вински салон во организација на здружението Тиквешки семејни винарии а подржан од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство како и Општина Кавадарци каде се промовираа вината од малите семејни винарии а со тоа се поттикна можноста за развој на винскиот туризам во иднина.Настанот беше одржан согласно мерките за претпазливост пропишани министерството за здравство и СЗО.
- Се одржа Вински фестивал организиран од здружението Винотек каде исто така се промовираа вината на малите но овој пат и од средните и големите винарии. Настанот беше одржан согласно мерките за претпазливост пропишани од министерството за здравство и СЗО.

- Се одржа една седница на Управен Одбор каде се донесе одлука за Попис и формирање на комисија за попис за 2020година.
- Музејот го посетија околу 350 посетители,вклучувајќи ги двата настани, каде се презентира музејската поставка преку претставување на многубројните предмети поврзани со лозарството и винарството од крајот на XIX до почеток на XX век. Меѓу посетителите имаше и групна организирана посета на Ученици од IV год. од СОЗШУ "Ѓорче Петров " - Кавадарци како и на деца од Извиднички одред Авантуристи.
- Се доработија и досредија Планот на архивски знаци,Листа на архивски материјал и Листа на документиран материјал со рокови за негово чување за 2021 на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци.
- Се продолжи со изработката на двојазични легенди за секој предмет поединечно во Музејската поставка.
- На нашата официјална Фејсбук и Инстаграм страна редовно се објавуваа настаните кои се случуваа во Вински Музеј - Кавадарци






Во прилог на овој извештај е Биланс на приходи и трошоци по завршна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци.

**Кавадарци** **Директор**

**22.02 2021** **Весела Честоева**